Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 73 став 1 алинеја 22 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25, 51/26, 134/26 и 223/26), а во согласност со Одлуката за утврдување на локации за изведување на подземни садови за отпад на територија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/21) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за дополнување на Одлуката за утврдување на локации за изведување на подземни садови за отпад на територија на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за утврдување на локации за изведување на подземни садови за отпад на територија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/21) во член 3, после точка 22, се додава нова точка 23, која гласи: „На ул.„Методија Андонов Ченто – СИЗ за становање” (локација 46 од Регистарот), 2 подземни контејнера“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 13.09.2021 година донесе Одлука за утврдување на локации за изведување на подземни садови за отпад на територија на Општина Велес со бр.25-3544/7 од 14.09.2021 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/21) со која се утврдени 22 локации за изведба на подземни садови за отпад на површина која претставува градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот.

Локациите за поставување на подземни садови се утврдени во Регистарот на локации со поставени садови за отпад на јавни површини на територија на општина Велес донесен со Решение бр.08-2807/2 од 23.06.2017 година, а изменет и дополнет со бр.23-2113/1 од 10.06.2020 година.

Заради изработка и спроведување на проект за реконструкција на партер помеѓу згради на ул. Крсте Мисирков, ул. Методија Андонов Ченто, ул. Христо Узунов и ул. Борис Трајковски (КП бр.1503/1 КО Велес) во кој меѓу другото опфаќа и поставување на 2 (два) подземни контејнера, потребно е да се изврши дополнување на Одлуката со нова точка 23, која гласи: „На ул.„Методија Андонов Ченто – СИЗ за становање” (локација 46 од Регистарот), 2 подземни контејнера“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.